Комора на Република Северна Македонија
за приватно обезбедување
Бр. 02-502/1
30.06. 2020 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 20 од Статутот на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување, Собранието на Комората на седницата одржана 30.06.2020 год. го усвои следниот

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕВКУПНИТЕ АКТИВНОСТИ И РАБОТА НА КОМОРАТА ЗА 2019 ГОДИНА

## СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2019 год.

| *Вкупен број* | *2019* |
|---|---|
| ***КАНДИДАТИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ........................... вкупно*** | **845** |
| *1. За Физичко обезбедување* | 797 |
| *2. За техничко обезбедување* | 48 |
| ***КАНДИДАТИ - ПОЛАГАЛЕ СТРУЧЕН ИСПИТ........вкупно*** | **732** |
| *1. За Физичко обезбедување* | 697 |
| *2. За техничко обезбедување* | 35 |
| ***ИЗДАДЕНИ ЛИЦЕНЦИ ..........................................вкупно*** | **675** |
| *1. За Физичко обезбедување* | 629 |
| *2. За техничко обезбедување* | 46 |
| ***ИЗДАДЕНИ ЛЕГИТИМАЦИИ.......................................вкупно*** | **704** |
| ***ДОЗВОЛИ ЗА РАБОТА (ИЗДАДЕНИ ОД МВР) ........ вкупно*** | **5** |
| • *За сопствени потреби* | 0 |
| • *Агенции за обезбедување -физичко* | 4 |
| • *Агенции за обезбедување -техничко* | 1 |

**23.01.2019-Факултет за безбедност, Скопје**

Почитувајќи ја нашата заложба дека човечките ресурси суштински придонесуваат на исполнување на бизнис целите, страшешките планови и финансискиот успех на секое правно лице во дејноста и со цел реализација на дополнителни активности поврзани со втората стратегиска цел Обезбедување на квалитетна работна сила од Стратегијата за развој на дејноста, на 23 јануари Комората зема учество на свечената промоција на Факултетот за безбедност на која беа врачени дипломи за дипломираните студенти на прв циклус студии и магистриранти.

**27.02.2019 – Промоција на Прирачник “Обезбедување лица и објекти”**

На 27.02.2019 во просториите на Центарот за обука на Комората, се одржа промоција на публикација во издание на Комората со наслов “ Обезбедување лица и објекти”, од авторите Ице Илијевски, Злате Димовски и Кире Бабаноски. Оваа публикација претставува експлицитно четиво кое содржински опфаќа безбедносни проценки и тактики и техники на обезбедувањето лица и објекти. Истовремено, прирачникот детално ги обработува сите сегменти и начини на обезбедување лица, прави соодветно профилирање

на работниците за приватно обезбедување, разработува тактики и техники на возење, формации при движење на возилата итн. Претставената содржина во прирачникот е своевиден извор за стекнување нови стручни и професионални вештини за ефикасно извршување на работните задачи за сите актери во приватниот безбедносен сектор и задолжително четиво за надградба на знаењето и професионалните вештини.

**02.03.2019 год. Скопје- Научно-стручна трибина „Современ систем на цивилна заштита“**

По повод 1 Март- Меѓународниот ден на цивилната заштита Дирекцијата за заштита и спасување организираше научно-стручна трибина на тема „Современ систем на цивилна заштита“, во рамки на која беше организирана панел дискусија за заштита на критична инфраструктура. Дејноста приватно обезбедување е дел од оваа витална безбедносна структура па оттука Комората учествуваше со свое излагање на тема „Идентификација и регулирање на критичната инфраструктура – состојби и перспективи“ .

**05.03.2019 год. Скопје - конференцијата “Женско лидерство во безбедноста”**

Родовите аспекти на безбедносниот сектор и важноста од вклучување на жените во безбедносниот сектор и секако во секторот приватно обезбедување беше повод Комората на 05 март да земе учество на конференцијата под наслов „Женско лидерство во безбедноста“ која беше во организација на Факултетот за безбедност од Скопје, а поддржана од Министертвото за труд и социјална политика.

**13.03.2019 – Експертска дебата „Значењето на стратегијата и носење закон за заштита на критичната инфраструктура во Р.С.М”**

На 13 март Комората со свое учество ја нагласи важноста од инволвирање на приватниот безбедносен сектор во процесот на заштита на критична инфраструктура на експертската дебата во рамки на проектот за значењето од заштита на критичната инфраструктура во Република Северна Македонија која беше оргaнизирана од страна на Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија во Скопје. На дебатата се дискутираше за сите сегменти поврзани со заштитата на критичната инфраструктура и беа иницирани активности за креирање на стратегија и носење на закон за заштита на критичната инфраструктура. На дебатата со свои обраќања учествуваа и министерот за внатрешни работи Оливер Спасовки, проф д-р Марина Митревска, проф д-рТони Милески, пратеници од Собранието на Р.С.М и други еминентни експерти од областа.

**13.03.2019 година – Свеченото обележување на годишнина од формирање на Единицата за специјални задачи Тигар, при Министерството за внатрешни работи**

Во касарната Илинден, во Скопје на 13 март Единицата за специјални задачи Тигар при МВР свечено ја обележи 38-годишнината од своето формирање. Во оваа прилика припадниците на ЕСЗ на Комората на РСМ за приватно обезбедување ѝ доделија Благодарница за успешна соработка и продонес во развојот на единицата Тигар.

**20.03.2019 – Семинар за боречки вештини за жени “Dont be a female, be alpha female”**

По повод 8ми март денот на жената Комората организираше семинар за боречки вештини за жените во дејноста насловен “Dont be a female, be alpha female” кој се одржа во Центарот за боречки вештини ”The strongest & ROOTS BJJ” во Кисела Вода. На семинарот се работеа техники на самоодбрана, а учество земаа претставнички од приватното обезбедување од 8 компании.

**27.03.2019 – Потпишување на меморандум за соработка меѓу Комората на РСМ за приватно обезбедување и Асоцијацијата за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „Менаџер за корпоративна безбедност“ – Скопје**

На своето редовно годишно собрание во март, Комората на Р.С.М.за приватно обезбедување потпиша меморандум за соработка со Асоцијацијата за корпоративна безбедност, владеење на право и човекови права „Менаџер за корпоративна безбедност“ – Скопје. Воспоставување на вакви и слични соработки се потребни и оправдани, дотолку повеќе што се вградуваат во комплексниот план за проактивно дејствување и интензивен развој на нашата дејност а успешно менаџирање со корпоративната безбедност е една од основните задачи на дејноста приватно обезбедување.

**27.03.2019 – Промоција на пишано дело – „Безбедноста низ призмата на приватната безбедност“**

Во продолжение на седницата на редовното собрание беше промовирана и книгата „Безбедноста низ призмата на приватната безбедност“ од авторите Оливер Бакрески, Стојан Славески и Живко Гацоски. Приватната безбедност без сомнение е нов концепт кој се грижи за работите поврзани со заштита на имотот, на лицата и на работните процеси при што се делува превентивно со цел намалување на материјалните загуби и заради осигурување на интересите на сопствениците, профитот и имотот од различни опасности. Ваквиот пристап упатува на општата генерализација дека приватната безбедност е фокусирана да одговори на структуралните ризици за лицата, за имотот и за работењето, преку примена на определени механизми на заштита за спроведување на најдобрата безбедносна практика во работењето. Оттука е поддршката на Комората на РСМ за приватно обезбедување за поддршка и издавање на оваа публикација. Во оваа дело

прашањата за приватната безбедност се поставени интегрално во сите димензии за да се согледа сета нејзина сложеност. Истовремено, се нуди начин да се согледа клучната улога што ја има приватната безбедност во однос на овозможување на идеална состојба во која што преовладува стабилност, сигурност и безбедност.

**28.03.2019 – МАНУ-Научна конференција "Градење на вредносен и безбедносен систем: услов за интеграција во НАТО"**

На покана на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) на 28 март Комората на РСМ за приватно обезбедување учествуваше на научна конференција на тема: "Градење на вредносен и безбедносен систем: услов за интеграција во НАТО", со свој труд насловен "Приватното обезбедување како интегрален дел од безбедносниот концепт на Р.С.Македонија,,. Трудот е објавен во печатен зборник на МАНУ.

**04.04.2019 – Меѓународна конференција "Хрватска 2020-1#ЕУ" , Загреб**

На 04 април Комората на РСМ за приватно обезбедување присуствуваше на Меѓународната конференција "Хрватска 2020-1#ЕУ" која се одржа во Загреб, Хрватска, во организација на Хрватскиот цех на заштитари, а под покровителство на Министерството за внатрешни работи на Хрватска, Хрватската стопанска комора, Град Загреб, Конфедерацијата на европските безбедносни служби-КОЕС, Германската комора на приватната безбедност-БДСВ, АСИС, Европското здружение за корпоративна безбедност, Европското тело за сертификација – ЕЦБ, Хрватското здружение на банки итн. Во оваа прилика Комората ги претстави своите активности во делот на обуките кои ги организира за вршителите на дејност.

**17.04.2019 – трибина „Управување и координација на безбедносниот сектор во Република Северна Македонија", Скопје.**

Трибината "Управување и координација на безбедносниот сектор во Република Северна Македонија", се одржа на 17 април во Домот на АРМ во Скопје, во организација на Министерството за одбрана и Филозофскиот факултет од Скопје. На семинарот учествуваа претставници од Армијата, од Министерствато за одбрана и Министерството за внатрешни работи и претставници на другите органи на државната управа поврзани со одбраната, безбедноста и кризниот менаџмент. Целта на семинарот беше активните чинители во одбрамбениот и безбедносен сектор да ги унапредат своите знаења и вештини и да разменат искуства со цел поедноставна и поефикасна координација и управување. На семинарот Комората учествуваше со свое претставување на тема "Јавниот и приватниот безбедносен сектор – соработка и партнерство".

**25.04.2019, CoESS – WC Cohesion Виена , Австрија.**

На 25 април Комората учествуваше на редовната работна седница на Комитетот за проширување при Коес на која помеѓу останатото ја претстави и актуелната состојба во секторот приватно обезбедување во РСМ.

**16.05.2019 – Промоција на универзитетски публикации и дебата за безбедноста**

На 16 март во организација на Факултетот за безбедност-Скопје и Фондацијата „Конрад Аденауер" Комората учествуваше во академска дискусија на тема „Безбедносните предизвици на Република Северна Македонија пред и по членството во НАТО". Во оваа прилика беа промивирани универзитетскиот учебник „Вовед во безбедноста„ и универзитетската монографија „Индекс на безбедност 2„ во издание на Факултетот за безбедност од Скопје. На промоцијата покрај авторите д-р Цане Мојаноски и д-р Марјан Ѓуровски свое обраќање имаа и Директорот на Фондацијата „Конрад Аденауер" г-дин Јоханес Д. Раи, Началникот на Генерал штабот на АРМ генерал потполковник Васко Ѓурчиновски и Директорот на Агенцијата за разузнавање д-р Зоран Иванов.

**30.05.2019 Меѓународна конференција Белград, Србија.**

На покана на Стопанската комора на Србија, на 30 мај Комората уествуваше на регионална конференција со свои видувања на темата „Јавно-приватно партнерство во секторот приватно обезбедување-примери и примена во пракса. Во оваа прилаика Комората за приватно обезбедување на Р.Србија на нашата комора и регионалните партнерски комори им додели Благодарници за долгогодишна успешна и плодна меѓусебна соработка.

**05.06.2019, Белград, Србија - Експертска дискусија на високо ниво за управување со секторот за безбедност и реформите во Југоисточна Европа, ОБСЕ**

Во рамки на Експертската дискусија на високо ниво за управување со секторот за безбедност и реформите во Југоисточна Европа, организирана од ОБСЕ Комората на 05 јуни учествуваше со свои видувања и активности во оваа експертка дискусија со разработување на темата „Улогата на приватниот безбедносен сектор како интегрален дел од националниот безбедносен систем".

**12.06.2019 – Саем за безбедност-Живеј безбедно**

На иницијатива на одделот за превенција при СВР Скопје и Скопје Сити Мол на 12, 13 и 14 јуни Комората на РСМ за приватно обезбедување беше организатор на саемот за безбедност насловен „Живеј безбедно" во Скопје Сити Мол. Целта на настанот беше да се укаже на посуптилната страна, која ја изразува човечката димензија на дејноста приватно обезбедување во однос на отвореноста на секторот кон граѓаните,

транспарентноста во работењето и генералната тенденција за остварување на додадена вредност во своето работење. На настанот се претставија компании кои нудат услуги на физичко и техничко обезбедување, но и други компании кои во својата дејност имаат определени аспекти кои придонесуваат за безбедно живеење.

**13.06.2019, Скопје-округла маса „Безбедноста на домот преку превенција на новите закани и безбедносни ризици“**

Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување во рамките на проектот „Безбедно дома“ на 13 јуни во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија организираше дебата за корпус на прашања кои се во интерес на граѓаните и на општеството. Проектот опфати организација на редица активности во функција на приближување до граѓаните на идејата за обезбедување на квалитетна, професионална и лична безбедност, безбедност на домот и семејството, безбедноста на имотот или работните процеси на нивните компании, а во насока на превентивно дејствување заради мирно и спокојно живеење. Иницијативата на Комората ја препознаа и поддржаа Министерството за внатрешни работи и Градот Скопје, а на округлата маса дискусијата се водеше помеѓу претставници од локалната самоуправа, ДЗЛП, Регулаторната комисија за домување, Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор, ОБСЕ, претставници од правни лица кои вршат приватно обезбедување-членки на комората, претставници од академската и стручна јавност и др.

**23.06.2019 год, -Охрид- Округла маса„Безбедноста на домот преку превенција на новите закани и безбедносни ризици“**

На 23 јуни Комората го организираше второто продолжение од проектот „Безбедно дома“ во соработка со МВР, СВР Охрид и општина Охрид. Комората организираше округла маса и стручна дебата на тема „Безбедноста на домот-преку превенција на новите закани и безбедносни ризици” а учество земаа: Живка Ангеловска-претседателка на Советот на општина Охрид; Сашо Смилески-Началник на СВР Охрид; проф д-р Марјан Ѓуровски од Факултетот за безбедност-Скопје, проф д-р Александра Деаноска од Правниот факултет-Скопје, претставник на Сектор за превенција при СВР Охрид и претставници од локалните самоуправи и телата за домување, станбен и деловен простор и претставници од приватниот безбедносен сектор.

**23.06.2019 Охрид, Меѓународна научна конференција „Влијанието на големите сили врз безбедноста на малите држави“**

На 23 јуни Комората во својство на подржувач учествуваше на меѓународна конференција под наслов „Влијанието на големите сили врз безбедноста на малите држави“ во организација на Факултетот за безбедност од Скопје. Во рамки на конференцијата, по повод 10 годишнината од одржувањето на Меѓународната научна конференција во Охрид, Деканот на факултетот проф. д-р Никола Дујовски на Комората и додели плакета-благодарница како потврда за успешната соработка, професионални заложби и особен придонес за унапредување на безбедноста, од аспект на привтниот безбедносен сектор.

**24 /28.06.2019 Сараево, Босна и Херцеговина-летна школа “Превенција на ризик во урбани средини”, Факултет за криминалистика, криминологија и безбедносни студии**

Од 24 до 28 јуни Комората на РСМ за приватно обезбедување со своите членки учествуваше на меѓународната летна школа „Превенција на ризик во урбани средини”. Оваа активност беше организирана како заедничка соработка помеѓу Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии, Сараево, Институтот за безбедност одбрана и мир, Дирекциите за заштита и спасување од Македонија и Босна и Херцеговина, Комората за приватно обезбедување од Сараево и Комората на РСМ за приватно обезбедување. Летната школа понуди можност за теоретски и практични предавања и вежби за учесниците со осврт на безбедносните предизвици во „новите урбани средини“, постојаниот прираст на населението во големите градови, наплив на мигранти од кризни подрачја, растечки криминал и т.н. и секако понуди можност да се стекнат знаења како да се надминат проблемите со кои се соочуваат градските служби, безбедносниот сектор и институциите.

**01.07.2019-Скопје, Промоција на меѓународно научно списание ”Безбедност”**

На покана на МВР на 01 јули Комората на РСМ за приватно обезбедување присуствуваше на промоција на првиот број од обновеното научно списание на министерството „Безбедност”, која се одржа во Домот на Армијата во Скопје. Во таа прилика министерот за внатрешни работи помеѓу останатото истакна дека очекува списанието да биде корисна алатка која ќе ги презентира не само националните, но и светски искуства во разните области од безбедноста, исто така ќе претставува и медиум преку кој ќе се промовираат новите научни, стручни, професионални идеи и достигнувања кои ќе бидат отворени како за домашната и меѓународната академска јавност така и за широката читателска публика, а во коеи приватниот безбедносен сектор ќе може да обезбеди простор за свое обраќање.

**05.07.2019- отворена средба со граѓаните на Општина Карпош**

Комората на РСМ за приватно обезбедување во соработка со МВР, СВР Скопје, Оддел за превенција, Полициска станица Карпош и Општина Карпош на 05 јули учествуваше во серијалот на отворени средба со граѓаните заради истакнување на превенцијата во безбедносниот сектор како исклучително значаен аспект особено во период на летни одмори и отсуство на граѓаните од своите домови, заради запознавање на граѓаните со услугите кои ги нуди приватниот безбедносен сектор. Во функција на промоција на отворената средба беа поделени брошури од проектот „Безбедно дома", како и од саемот за безбедност.

**11.07.2019 – ОБСЕ, работилница за превенција, Берово**

Во организација на ОБСЕ на 11 јули беше одржана работилница за превенција, на која покрај претставниците на ОБСЕ беа присутни и претставници од сите СВР во Македонија и Комората. Во рамки на настанот, во панел насловен „Нацрт Стратегијата на МВР за вклучување и комуникација со заедницата" Комората имаше можност да даде свои видувања на тема „Улогата на приватниот сектор во превенцијата на криминалот и соработка со МВР", ги истакнавме сите позитивни страни, значењето и потребата за јавно-приватно партнерство во безбедносниот сектор со цел поефикасно да се обезбедат услови за побезбедна средина во општеството.

**04/06.09.2019 – Меѓународна конференција „Урбана безбедност–зајакнување на безбедноста во урбанизираниот свет", Охрид**

Меѓународната конференција „Урбана безбедност-зајакнување на безбедноста во урбанизираниот свет" беше реализирана од 04 до 06 септември во партнерска организација помеѓу Институтот за безбедност, одбрана и мир, Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии од Сараево и Факултетот за безбедност од Белград. Комората на РСМ за приватно обезбедување како покровител на оваа меѓународна конференција ја искористи можноста да ја апострофира важноста на приватниот безбедносен сектор во урбаната безбедност во денешниот модерен, глобализиран свет и секако да ја искаже потребата од континуирана соработка и поддршка на заложбите за унапредување на стручната и професионална размена на знаења, искуства и практики од областа на безбедноста. Во рамки на конференцијата се одржа посебен панел за приватна безбедност, каде беше истакната превентивната улога на приватното обезбедување во урбаното живеење, со посебен осврт на „Новата безбедносна компанија".

**18/19.09.2019 – Адриа Секјурити Самит, Скопје**

Комората на РСМ за приватно обезбедување како партнерска организација во проектот Адриа Секјурити Самит беше домаќин на петтото издание на самитот кое се одржа на 18 и 19 септември во Скопје. Овој голем и еминентен настан во сферата на приватната безбедност на Балканот после Сараево, Белград, Шибеник и Љубљана ги собира врвните експерти во приватното обезбедување од регионот во Скопје. А комората го искористи како одличен повод во рамките на самитот да ја организира и кампањата Денови на приватно обезбедување 2019. Во панелот насловен „Актуелни состојби и перспективи за приватното обезбедување" беа изложени компаративни прикази од Словенија, Хрватска, Романија и Србија, како и стручни предавања дел од домашните експерти соработници на комората.

**24.09.2019-работна средба СВР Велес**

Организирање на работна средба помеѓу претставници од агенции за приватно обезбедување и претставници од секторите за внатрешни работи при МВР претставува реализација на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Комората на РСМ за приватно обезбедување, особено во смисол на член 3, став 1, точка 1 од меморандумот за „Размена на статистички податоци и информации за нови форми и појави на криминално однесување, начини за заштита на луѓето и имотот, криминални појави при обезбедување и заштита и други околности кои влијаат на ефикасноста на системот за безбедност и при спроведување на безбедносни операции, со заемна помош".

На сите работни средби учествува претставници од: Комисијата за контрола и надзор, претставник од БЈБ, како и претставници на МВР во секое СВР: началникот на СВР, началникот на криминалистичката полиција, началникот на униформираната полиција, командирот на полициската станици од општа надлежност и командирот на полициската станица за безбедност во сообраќајот.

Со средбата одржана во СВР Велес на 24 септември Комората ги почна серијата настани во правец на соработка и дискусија за дилемите и предизвиците во тековното оперативно функционирање на јавниот и приватниот безбедносен сектор во државата.

**26.09.2019 – работна средба СВР Куманово**

Агенциите за обезбедување кои работат на територија на СВР Куманово со претставници од СВР Куманово и од МВР на 26 септември дискутираа за состојбите во пракса, начините на унапредување на меѓусебната соработка и функционирање во насока на подобрување на ефикасноста на системот за безбедност во државата.

**30.09.2019 – работна средба СВР Тетотво**

На 30 септември ПС Гостивар беше домаќин на работната средба меѓу претставници на фирмите кои вршат приватно обезбедување на регионот на СВР Тетово со заедничка цел: размена на искуства и практики, споделување на информации за состојбите во пракса, дискусија за дилемите и предизвиците во врска со приватното обезбедување во регионот на СВР Тетово.

**02.10.2019 – Меѓународна конференција "Критична инфраструктура – Концепт и безбедносни предизвици", Хотел Александар Палас – Скопје**

На 02 октомври ја искористивме поканата за учеството на меѓународна конференција со наслов „Критична инфраструктура-Концепт и безбедносни предизвици" во организација на Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија во Скопје, уште еднаш да ја истакнеме улогата на приватното обезбедување за заштита на критичната инфраструктура со предавање на тема „Критична инфраструктура-Концепт и безбедносни предизвици". Целта на конференцијата беше да се претстават и дискутираат сите аспекти поврзани со заштитата на критичната инфраструктура, да се иницираат активности за креирање на стратегија и носење на закон за заштита на критичната инфраструктура, а на истата земаа учество Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и Министерката за одбрана Радмила Шекеринска.

**03.10.2019 – работна средба СВР Охрид**

На 03 октомври во просториите на СВР Охрид беше организирана работна средба на вршителите на приватно обезбедување на територијата на СВР Охрид и претставниците од надлежниот сектор, а во функција на споделување и размена на искуства од пракса, информации за безбедносните состојби, предизвиците и формите на натамошна соработка меѓу приватното обезбедување и полицијата.

**04.10.2019 – работна средба СВР Битола**

На 04 октомври беше организирана работна средба на приватното обезбедување со полицијата во СВР Битола, во функција на унапредување на соработката заради придонес и гаранција за општата безбедност на граѓаните.

**07.10.2019 – округла маса „Безбедноста на домот преку превенција на новите закани и безбедносни ризици ", Скопје**

Организирањето на округлата маса под наслов „Безбедност на домот преку превенција на новите закани и безбедносни ризици" на 07 октормври во просториите на Факултетот за безбедност од Скопје претставува завршен настан во рамки на реализација на проектот на

Комората под наслов „Безбедно дома“. Како резултат на оваа активност Комората изработи и издаде електронко издание на Студија со наслов „Безбедноста на Домот преку приватното обезбедување и превенција на ризици“ од авторите Марјан Ѓуровски, Александра Деаноска и Сања Керметчиева. Студијата е регистрирана во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Скопје со ISBN 978-608-66216-4-3. Со свои обраќања настанот го збогатија и Деканот на Факултетот за безбедност проф-д-р Никола Дујовски, проф д-р Марјан Ѓуровски, проф д-р Александра Деаноска, м-р Сања Керметчиева, д-р Тони Станковски и проф д-р Весна Стефановска, а модератор на настанот беше проф д-р Саше Ѓерасимовски.

**10.10.2019.2019, The European Security Summit 2019, Редовно годишно собрание и CoESS – WC Cohesion-Рим, Италија.**

На 10 октормври Комората учествуваше на јубилејната прослава по повод 30 годишнина од постоење на нашата матична европска организација и редовното годишно собрание на Коес. На отворањето на Самитот, претседателот на CoESS, г-дин Марк Писенс, истакна дека приватната безбедносна индустрија еволуирала многу од основањето на CoESS во 1989 година во Рим. Денес, 2 милиони лиценцирани приватни чувари во Европа ги прават граѓаните да се чувствуваат безбедно во секојдневниот живот: кога одат на работа или одмор, кога го посетуваат натпреварот на нивниот омилен фудбалски клуб или на концерт и т.н. Помеѓу останатото тој нагласи дека јавната безбедност мора да се прилагоди на денешните предизвици и на ова ново нормално време и затоа е потребен вистински безбедносен континуум во секторот приватно обезбедување. На Самитот беа промовирани и два документи „Безбедносен континиум во новото нормално време“ и „10 Безбедносни препораки за поотпорна Европа“.

**14.10.2019 – работна средба СВР Скопје**

Агенциите за обезбедување кои работат на територија на СВР Скопје, на 14 октормври заедно со претставници од СВР Скопје и МВР дискутираа за состојбите во пракса, начините на унапредување на меѓусебната соработка и функционирање во насока на подобрување на ефикасноста на системот за безбедност во државата. На средбата беа утврдени начини на поефикасна меѓусебна комуникација и редовни работни средби.

**24.10.2019 – работна средба СВР Штип**

Седмата по ред работна средба ја реализиравме на 24 октормври со представниците од СВР Штип, со цел воспоставување на непосредна соработка и координација во работењето

на јавниот и приватниот безбедносен сектор, секој во домен на своите надлежности, а со заедничка цел за придонес кон безбедноста на граѓаните во нашата држава.

**01.11.2019 – работна средба СВР Струмица**

Последната во серијата работни средби ја реализиравме на 01.ноември во СВР Струмица, со цел воспоставување на професионална соработка и координација во вршење приватно обезбедување на регионот на СВР Струмица.

**18.11.2019 Љубљана, Словенија, Меѓународна конференција.**

На покана на Словенечката заборница за приватно обезбедување на 18 ноември Комората учествуваше на словенечките денови на приватно обезбедување со свое видување на тема „Упатства за јавни набавки на услуги за приватно обезбедување и очекувањата на економските оператори и договорните органи".

**19/29.11.2019 год. Специјализирана обука за физичко и техничко обезбедување за НБРСМ**

За потребите на Народна Банка на Република Северна Македонија Комората организираше 8 дневна специјализирана обука за физичко и техничко обезбедување која се одржа: од 19 до 22. и од 26 до 29 ноември 2019 год, а во функција на континуираното надоградување на вештините и знаењата, како гаранција за стручноста и професионалноста на професијата.

Програмата во првиот дел опфати: Едукација, обука и вежби за физичко обезбедување, надоградување на знаењата за овластувањата на работниците и практични вежби за самоодбрана и боречки вештини. Работниците беа изложени на практична проверка на примена на овластувањата преку реални вежби по сценарио со симулација на внес на експлозивна направа на различни влезови во објектот на НБРСМ.

Во вториот дел беше спроведена едукација, обука и вежби за техничко обезбедување (противпожарна заштита) која во фокусот имаше надоградба на знаењата на работниците за пожари и справување со пожари. За потребите на обуката беше изведена практична вежба на гасење пожар и вежба на евакуација на дел од објектот на НБРСМ, Управата за јавни приходи и Централен регистар.

**14.12.2019 год, Скопје– Научно стручен форум „Родовата перспектива и улогата на жената во реформите на безбедносниот систем"**

Во организација на канцелатријата на UN Women во Скопје и Факултетот за безбедност од Скопје на 14 декември беше организиран научно стручен форум „Родовата перспектива и улогата на жената во реформите на безбедносниот систем" кој претставуваше можност

да се надгради и да се прошири дискусијата за институционалните промени потребни за да се обезбеди посигурен балансиран и родово одговорен безбедносен систем, како предуслов за зголемување на учеството на жените безбедносниот сектор.

Форумот беше посетен од претставници од сефкупниот безбедносен сектор во РСМ: полиција, војска, царина, ЦУК, ДЗС и др. државни институции, а свое учество земаа и претставнички од агенциите за приватно обезбедување, членки на Комората.

**23.12.2019 год. Скопје-Истражување „Правци за иден развој на приватната безбедност во Република Северна Македонија“**

Како дел од Програмата за работа на Комората за 2019 година беше поддржано спроведување на сеопфатно истржување во дејноста за континуирана надоградба и развој на дејноста приватно обезбедување во Република Северна Македонија во наредниот период. Интенцијата беше да се испита перцепцијата на вработените и менаџерите во секторот за приватно обезбедување, како и на други релевантни лица и институции од безбедносната сфера заради утврдување на актуелните состојби, но и потребите и очекувањата за идно стратешко дејствување. Реализација на наведената сериозна и одговорна активност, беше спроведена од страна на проф. д-р Марина Митревска, редовен професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот Факултет во Скопје, ангажирана во областа на безбедноста и проф. д-р Николина Кениг, редовен професор на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје, ангажирана во областите методологија, психометрија и статистика. Публикацијата е регистрирана во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Скопје со ISBN 978-608-66216-6-7.

**-ОБУКИ од проектот на Еразмус + Треин Брен Софт за работници за приватно обезбедување вработени во компании за сопствено обезбедување, членки на комората.**

Во тек на месец мај, јули и октомври Комората организираше Обука за меки вештини за работници за приватно обезбедување на основно ниво, за работници за приватнно обезбедување од 4 компании. Обуката опфати 3 специјалистички предавања: човекови права и слободи, комуникациски вештини и професионален стрес, исклучиво концепирани за потребите на секторот приватно обезбедување, а беше посетена од вкупно 122 работници.

- **Декември 2019 – пишано дело „Приватен безбедносен сектор во Југоисточна Европа, случај С.Македонија, БиХ и Хрватска“.**

Во согласност со програма за работа на Комората за 2019 год. Комората реализираше пишано дело со наслов „Приватен безбедносен сектор во Југоисточна Европа, случај С.Македонија, Босна и Херцеговина и Хрватска“ од авторите Оливер Бакрески (Македонија), Јасмин Ахиќ (Босна и Херцеговина) и Иван Наѓ (Хрватска). Рецензенти на делото се: проф д-р Гордан Калајџиев (Македонија), проф д-р Неџат Корајлиќ (Босна и Херцеговина), проф д-р Драган Триван (Србија) и проф д-р Денис Чалета (Словенија). Оваа пишано дело има за цел да придонесе кон проучување на сите категоријални аспекти на безбедноста, особено на приватната безбедност, специфичните околности во кои се развива приватната безбедност, заемната условеност и меѓусебна подреденост на јавната и приватната безбедност, фактори кои ги детерминираат состојбите во приватната безбедност, согледување на најдобри практики кои може да се инкорпорираат во соодветните земји итн. Публикацијата е регистрирана во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Скопје со ISBN 978-608-66216-5-0.

- **Декември 2019-прирачник Заштита при терористички напади**

Комората на РСМ за приватно обезбедување во месец декември издаде прирачник од областа на антитероризам од перспектива на работењето на секторот приватно обезбедување со наслов „Заштита од терористички напади“. Во прирачникот се поставени практичните аспекти на заштита на имотот, објектите и луѓето од терористички закани и активности, со посебен осврт на мерките и активностите кои треба да ги преземат работниците за приватно обезбедување во функција на превенција, како и конретно постапувањево случај на извршен терористички напад и сл.

Автори на прирачникот се: Кире Бабаноски, Ице Илијевски и Злате Димоски, рецензент е проф д-р Методија Дојчиновски, раководител на Катедра за безбедност, кризен менаџмент, заштита и спасување при Воена акедмија „Генерал Михаило Апостолки“ Скопје.

Публикацијата е регистрирана во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Скопје со ISBN 978-608-66216-7-4.

30.06.2020 год. Скопје

Претседател

М-рВерица Милеска Стефановска

Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување • СКОПЈЕ •